Универзитетски гласник - анекс

Издавач
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Уредник
на издавачката дејност на УКИМ
проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор

Уредник
на Универзитетски гласник
м-р Марија Маневска, генерален секретар

Лектор
Весна Илиевска Цветановска

Техничко уредување
Зоран Кордоски

СОДРЖИНА

ПРАВИЛНИК

за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Факултет за ветеринарна медицина - Скопје
(Анекс бр. 11)

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонијав бр. 82/2018), член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. Весник на Република Македонијав бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/18), Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 3.12.2019 година, го донесе следниов

ПРАВИЛНИК

за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Факултет за ветеринарна медицина - Скопје
(Анекс бр. 11)

Глава 1

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина - Скопје (во понатамошниот текст: Правилник), се утврдуваат називот и описот на работните места, односно звањата по организациони единици, со шифра, условите потребни за извршување на работните задачи и обврски на одделните работни места и бројот на вработените на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот).

Член 2

Вработени на факултетот се:

1. лица избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност (во понатамошниот текст: наставен кадар);
2. лица вработени во Стручната и административна служба и помошно-техничките лица - ненаставен кадар.

Правата, обврските и одговорностите на наставниот кадар се уредуваат со Законот за високото образование, актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и на факултетот и општите прописи за работните односи.

Правата, обврските и одговорностите на ненаставниот кадар се уредуваат со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и на Факултетот и општите прописи за работни односи.

Член 3

Работните задачи и обврски утврдени со овој Правилник се определуваат согласно со нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеност, одговорност и другите услови за нивно извршување, и претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените на факултетот по работни места.

Член 4

Овој Правилник е составен од Дел 1: Работни места на наставниот кадар и Дел 2: Работни места на Стручната и административна служба и помошно-техничките лица.

Член 5

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места по организациони единици е составен дел на овој Правилник (Прилог 1 и Прилог 2).

II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИ МЕСТА НА НАСТАВНИОТ КАДАР

Член 6

Во овој Правилник се утврдени и се опишани вкупно 12 видови работни места на наставниот кадар, распоредени во следниве категории и нивоа на работни места:

Категорија А – наставно-научни звања, вкупен број: 69
- ниво А1 - редовен професор; 28
- ниво А2 - вонреден професор; 19
- ниво А3 – доцент; 22

Категорија А – научни звања, вкупен број: 17
- ниво А1 - научен советник; 2
- ниво А2 - виш научен соработник; 8
- ниво А3 –научен соработник; 7

Категорија В – соработнички звања, вкупен број: 34
- ниво В1 – асистент.

Категорија Г – стручни соработници, вкупен број: 62
- ниво Г1 - доктор по ветеринарна медицина, вкупен број 20
- ниво Г1 – стручен соработник, вкупен број 8
- ниво Г1 – стручен соработник – аналитичар, 7
- ниво Г3 – лаборант 7
- ниво Г3 – ветеринарен техничар 20

Член 7

Наставниот кадар на факултетот треба да ги исполнува општите услови утврдени со Законот за високото образование, посебните услови утврдени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и условите утврдени со овој Правилник наведени во Табеларниот преглед (работната карта – Прилог 1) на работните места.

II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИ МЕСТА НА СТРУЧНАТА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА

Член 8

Во овој Правилник се утврдени и се опишани вкупно **_31__** работни места - систематизирани извршители, од кои **_17_** на ненаставниот кадар во стручната и административна служба и **_14__**работни места на помошно технички лица. Од тоа ненаставниот кадар пополнети се _13__, а непополнети _4__ работни места, а од помошно техничките лица пополнети се _5__ а непополнети _9__ работни места, односно вкупно непополнети места се _13__ распоредени по организациони единици утврдени со Правилникот за внатрешна организација на Факултетот.

Од утврдените работни места во Стручната и административна служба во став 1 на овој член систематизирани и пополнети работни места на ненаставен кадар по категории и нивоа се согласно следната табела:

работни места на ненаставен кадар		
ниво	**систематизирани**	**пополнети**
А2	1	1
Б4	1	1
В1	6	6
В4	1	-
Г1	8	5
ВКУПНО	**17**	**13**

Член 9

Вработените во Стручната и административна служба на Факултетот треба да ги исполнува следниве општи услови за пополнување на работното место:
- да се државјани на Република Северна Македонија;
- активно да го користат македонскиот јазик;
- да се полнолетни;
- да имаат општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 10

Секретарот на факултетот треба да ги исполнува следниве посебни услови за пополнување на работното место:

а) Стручни квалификации:
- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен.

б) Работно искуство:
- најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

в) Посебни работни компетенции:
- познавање на странски јазик (најмалку еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

г) Потребни општи работни компетенции на напредно ниво:
- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- ориентираност кон странки/засегнати страни
- раководење и
- финансиско управување.

Член 11

Раководните лица од категоријата **Б** на Факултетот треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за пополнување на работното место:

а) Стручни квалификации:
- за сите нивоа – ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен.

б) Работно искуство:
- за нивото Б1 – најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор;
- за нивото Б2 – најмалку пет години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор;
- за нивоата Б3 и Б4 – најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

в) Посебни работни компетенции:
- активно познавање познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- положен испит за административно управување.

г) Општи работни компетенции (напредно ниво):
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни;
- раководење;
- финансиско управување.

Член 12

Лицата од категоријата **В** на Факултетот треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за пополнување на работното место:

а) Стручни квалификации:
- за нивото В1 – ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- за нивоата Б2, В3 и В4 – ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, односно VI степен.

б) Работно искуство:
- за нивото В1 – најмалку три години работно искуство во струката;
- за нивото В2 – најмалку две години работно искуство во струката;
- за нивото В3 – најмалку една година работно искуство во струката;
- за нивото В4 – со или без работно искуство во струката.
-

в) Посебни работни компетен-ции за сите нивоа:
- познавање на еден странски јазик (најмалку еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- положен испит за административно управување.
-

г) Општи работни компетенции (средно ниво):
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни;
- финансиско управување.

Член 13

Лицата од категоријата **Г** на факултетот треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за пополнување на работното место:

а) Стручни квалификации:
- за сите нивоа – стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО, или најмалку више или средно образование.

б) Работно искуство:
- за нивото Г1 – најмалку три години работно искуство во струката;
- за нивото Г2 – најмалку две години работно искуство во струката;
- за нивото Г3 – најмалку една година работно искуство во струката;
- за нивото Г4 – со или без работно искуство во струката.

в) Посебни работни компетенции за сите нивоа:
- активно познавање еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Дополнителни услови

Член 14

Факултетот, согласно со потребите, може да предвиди и дополнителни услови за пополнување на работното место во Стручната и административна служба.

Посебните услови за пополнување на работното место во Стручната и административна служба на факултетот се наведени во Табеларниот преглед (работната карта – Прилог 2) на работните места.

IV. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО ТЕХНИЧКИТЕ ЛИЦА

Член 15

Согласно член 8 од овој Правилник утврдените и опишани работни места на помошно технички лица се систематизрани

и пополнети по ниво и подгрупи се согласно следната табела:

Работни места на помошно-технички лица		
ниво	**систематизирани**	**пополнети**
Подгрупа 1	8	4
Подгрупа 3	2	0
Подгрупа 4	2	0
Подгрупа 5	2	1
ВКУПНО	**14**	**5**

Општи услови

Член 16

Помошно-техничките лица на факултетот треба да ги исполнуваат следниве општи услови за пополнување на работното место:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- активно да го користат македонскиот јазик;
- да се полнолетни;
- да имаат општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови

Член 17

Помошно-техничките лица на факултетот треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за пополнување на работното место:

а) Стручни квалификации:

- ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО, најмалку основно или средно образование.

б) Работно искуство:

- со или без работно искуство.

Прилог 1

РАБОТНА КАРТА
- НАСТАВЕН КАДАР -

ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

Реден број	**01**
Шифра	ОБН 03 02 А01 001
Ниво	А1
Звање	Редовен професор
Назив на работното место	Редовен професор
Број на извршители	28
Општи услови	Согласно со Законот за високото образование
Посебни услови	Согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Работни цели	Остварување високообразовна, научна и применувачка дејност
Работни задачи и обврски	- подготвување, организирање и одржување настава; - организирање и изведување континуирана и завршна проверка на знаења; - вршење консултации со студенти; - вршење на менторство на студентите; - учествување во реализација на курсеви, семинари и други форми на дообразување; - перманентно научно, стручно и педагошко усовршување; - пишување на учебници и учебни помагала; - водење и учествување во научноистражувачки проекти; - презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл. ; - објавување научно-стручни трудови; - вршење стручно- применувачка дејност; - учествување во работата на органите, комисиите и другите работни тела на Факултетот; - вршење други педагошки обврски и работи утврдени со закон, колективен договор и со акт на Универзитетот и Факултетот.
Одговара пред:	Деканот

Реден број	**02**
Шифра	ОБН 03 02 А02 001
Ниво	А2
Звање	Вонреден професор
Назив на работното место	Вонреден професор
Број на извршители	19
Општи услови	Согласно со Законот за високото образование
Посебни услови	Согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Работни цели	Остварување високообразовна, научна и применувачка дејност
Работни задачи и обврски	- подготвување, организирање и одржување настава; - организирање и изведување континуирана и завршна проверка на знаења;

	- вршење консултации со студенти; - вршење на менторство на студентите; - учествување во реализација на курсеви, семинари и други форми на дообразување; - перманентно научно, стручно и педагошко усовршување; - пишување на учебници и учебни помагала; - водење и учествување во научноистражувачки проекти; - презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл. ; - објавување научно-стручни трудови; - вршење стручно-применувачка дејност; - учествување во работата на органите, комисиите и другите работни тела на Факултетот; - вршење други педагошки обврски и работи утврдени со закон, колективен договор и со акт на Универзитетот и Факултетот.
Одговара пред:	Деканот

Реден број	**03**
Шифра	ОБН 03 02 А03 001
Ниво	А3
Звање	Доцент
Назив на работното место	Доцент
Број на извршители	22
Општи услови	Согласно со Законот за високото образование
Посебни услови	Согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Работни цели	Остварување високообразовна, научна и применувачка дејност
Работни задачи и обврски	- подготвување, организирање и одржување настава; - организирање и изведување континуирана и завршна проверка на знаења; - вршење консултации со студенти; - вршење на менторство на студентите; - учествување во реализација на курсеви, семинари и други форми на дообразување; - перманентно научно, стручно и педагошко усовршување; - пишување на учебници и учебни помагала; - водење и учествување во научноистражувачки проекти; - презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл. ; - објавување научно-стручни трудови; - вршење стручно-применувачка дејност; - учествување во работата на органите, комисиите и другите работни тела на Факултетот; - вршење други педагошки обврски и работи утврдени со закон, колективен договор и со акт на Универзитетот и Факултетот.
Одговара пред:	Деканот

Реден број	**04**
Шифра	ОБН 03 02 А01 001
Ниво	А1
Звање	Научен советник
Назив на работното	Научен советник

место	
Број на извршители	1
Општи услови	Согласно со Законот за високото образование
Посебни услови	Согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Работни цели	Остварување високообразовна, научна и применувачка дејност
Работни задачи и обврски	- учество во научноистражувачката работа; - водење и учествување во научноистражувачки проекти; - учество во дел од наставата што ќе им ја одреди надлежен орган, по предлог на предметниот наставник; - издигнување на научен подмладок и нивно подготвување за научноистражувачка работа; - учествување во реализација на курсеви, семинари и други форми на дообразување; - презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл. ; - објавување научно-стручни и стручно-применувачкиуте трудови; - перманентно научно, стручно и педагошко усовршување; - вршење стручно-применувачка дејност; - организација на лабораториската работа; - учествување во работата на органите, комисиите и другите работни тела на Факултетот; - вршење други работи утврдени со закон, колективен договор и со акт на Универзитетот и Факултетот.
Одговара пред:	Деканот

Реден број	**05**
Шифра	ОБН 03 02 А02 001
Ниво	А2
Звање	Виш научен соработник
Назив на работното место	Виш научен соработник
Број на извршители	8
Општи услови	Согласно со Законот за високото образование
Посебни услови	Согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Работни цели	Остварување високообразовна, научна и применувачка дејност
Работни задачи и обврски	- учество во научноистражувачката работа; - водење и учествување во научноистражувачки проекти; - учество во дел од наставата што ќе им ја одреди надлежен орган, по предлог на предметниот наставник; - издигнување на научен подмладок и нивно подготвување за научноистражувачка работа; - учествување во реализација на курсеви, семинари и други форми на дообразување; - презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл ; - објавување научно-стручни и стручно-применувачки трудови; - перманентно научно, стручно и педагошко усовршување; - вршење стручно-применувачка дејност; - организација на лабораториската работа;

	- учествување во работата на органите, комисиите и другите работни тела на Факултетот; - вршење други работи утврдени со закон, колективен договор и со акт на Универзитетот и Факултетот.
Одговара пред:	Деканот

Реден број	**06**
Шифра	ОБН 03 02 А03 001
Ниво	А3
Звање	Научен соработник
Назив на работното место	Научен соработник
Број на извршители	9
Општи услови	Согласно Законот за високото образование
Посебни услови	Согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Работни цели	Остварување високообразовна, научна и применувачка дејност
Работни задачи и обврски	- учество во научноистражувачката работа; - водење и учествување во научноистражувачки проекти; - учество во дел од наставата што ќе им ја одреди надлежен орган, по предлог на предметниот наставник; - издигнување на научен подмладок и нивно подготвување за научноистражувачка работа; - учествување во реализација на курсеви, семинари и други форми на дообразување; - презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл. ; - објавување научно-стручни и стручно-применувачки трудови; - перманентно научно, стручно и педагошко усовршување; - вршење стручно-применувачка дејност; - организација на лабораториската работа; - учествување во работата на органите, комисиите и другите работни тела на Факултетот; - вршење други работи утврдени со закон, колективен договор и со акт на Универзитетот и Факултетот.
Одговара пред:	Деканот

Реден број	**07**
Шифра	ОБН 03 02 В01 001
Ниво	В1
Звање	Асистент
Назив на работното место	Асистент
Број на извршители	34
Општи услови	Согласно со Законот за високото образование
Посебни услови	Согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Работни цели	Остварување високообразовна, научна и применувачка дејност
Работни задачи и обврски	- подготвување, организирање и одржување настава; - организирање и изведување континуирана и завршна проверка на знаења;

	- вршење консултации со студенти; - вршење на менторство на студентите; - учествување во реализација на курсеви, семинари и други форми на дообразување; - перманентно научно, стручно и педагошко усовршување; - пишување на учебници и учебни помагала; - водење и учествување во научноистражувачки проекти; - презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл. ; - објавување научно-стручни трудови; - вршење стручно- применувачка дејност; - учествување во работата на органите, комисиите и другите работни тела на Факултетот; - вршење други педагошки обврски и работи утврдени со закон, колективен договор и со акт на Универзитетот и Факултетот.
Одговара пред:	Деканот

Реден број	**08**
Шифра	ОБН 03 02 Г01 001
Ниво	Г1
Звање	Корепетитор
Назив на работното место	Доктор по ветеринарна медицина
Број на извршители	20
Вид на образование:	Научно поле: Биотехнички науки
Општи услови	Согласно Законот за високото образование
Посебни услови	Согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Работни цели	Помагање во остварувањето на високообразовна и научна дејност и вршење применувачка дејност во лабораториите на институтите и Универзитетската ветеринарна болница
Работни задачи и обврски	- помага во подготвувањето при изведувањето на лабораториски вежби, клиничка и теренска настава; - во други облици на наставно-научна работа утврдени со студиската програма; - учество во научноистражувачки проекти; - во применувачката и лабораториската работа; - изведување на тестирања согласно со имплементираните СОП-ови во лабораторијата; - вршење други работи и обврски во функција на поддршка на активностите од делокругот на факултетот утврдени со закон, колективен договор и со акт на Универзитетот и Факултетот
Одговара пред:	Раководителот на институтот

Реден број	**09**
Шифра	ОБН 03 02 Г01 001
Ниво	Г1
Звање	Корепетитор
Назив на работното место	Стручен соработник
Број на извршители	8
Вид на образование:	Научно поле: Биотехнички науки Научно поле: Медицински науки

Општи услови	Согласно Законот за високото образование
Посебни услови	Согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Работни цели	Помагање во остварувањето на високообразовна и научна дејност и вршење применувачка дејност во лабораториите на институтите и Универзитетската ветеринарна болница
Работни задачи и обврски	– помагање во подготвувањето и изведувањето на лабораториски вежби, клиничка и теренска настава; – учество во други облици на наставно-научна работа утврдени со студиската програма; – учество во научноистражувачки проекти; – учество во применувачката и лабораториската работа; – -изведување на тестирања согласно со имплементираните СОП-ови во лабораторијата; – вршење други работи и обврски во функција на поддршка на активностите од делокругот на факултетот утврдени со закон, колективен договор и со акт на Универзитетот и Факултетот.
Одговара пред:	Раководителот на институтот

Реден број	**10**
Шифра	ОБН 03 02 Г01 001
Ниво	Г1
Звање	Корепетитор
Назив на работното место	Стручен соработник - аналитичар
Број на извршители	7
Вид на образование:	Научно поле: Природно-математички науки Научно поле: Техничко – технолошки науки
Општи услови	Согласно Законот за високото образование
Посебни услови	Согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Работни цели	Помагање во остварувањето на високообразовна и научна дејност и вршење применувачка дејност во лабораториите на институтите и Универзитетската ветеринарна болница
Работни задачи и обврски	– помагање во подготвувањето и изведувањето на лабораториски вежби, клиничка и теренска настава; – учество во други облици на наставно-научна работа утврдени со студиската програма; – учество во научноистражувачки проекти; – учество во применувачката и лабораториската работа; – -изведување на тестирања согласно со имплементираните СОП-ови во лабораторијата; – вршење други работи и обврски во функција на поддршка на активностите од делокругот на факултетот утврдени со закон, колективен договор и со акт на Универзитетот и Факултетот.
Одговара пред:	Раководителот на институтот

Реден број	11
Шифра	ОБН 03 02 Г03 001
Ниво	Г3
Звање	Лаборант
Назив на работното место	Ветеринарен техничар
Број на извршители	20
Вид на образование:	Средно стручно образование: Ветеринарен техничар
Општи услови	Согласно Законот за високото образование
Посебни услови	Согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Работни цели	Помагање во остварувањето на високообразовна и научна дејност и вршење применувачка дејност во лабораториите на институтите и Универзитетската ветеринарна болница
Работни задачи и обврски	– учество во подготовката на лабораториските вежби и клиничката настава; – помагање во реализација научноистражувачките и применувачките проекти; – учество во применувачката и лабораториската работа – ракување со опремата во лабораторијата/клиниката, – компјутерска и друга обработка на податоците, – чистење, миење и стерилизација на стаклариј и друг медицински прибор, – чистење на работни површини и опрема согласно утврдена процедура, – припрема на мострите за анализа согласно воспоставените СОП-ови за методи во лабораторијата, – припрема на животни за дијагностички, терапевтски и хируршки процедури, – ракување со опремата во лабораторијата, – одржување на системот за квалитет во лабораториите. – вршење други работи утврдени со стандардот ИСО 17025 – вршење други работи и обврски во функција на поддршка на активностите од делокругот на факултетот
Одговара пред:	Раководителот на институтот

Реден број	12
Шифра	ОБН 03 02 Г03 001
Ниво	Г3
Звање	Лаборант
Назив на работното место	Лаборант
Број на извршители	7
Вид на образование:	Средно стручно образование: ветеринарно, медицинско или хемиско училиште
Општи услови	Согласно Законот за високото образование
Посебни услови	Согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Работни цели	Помагање во остварувањето на високообразовна и научна дејност и вршење применувачка дејност во лабораториите на институтите и Универзитетската ветеринарна болница
Работни задачи и обврски	– учество во подготовката на лабораториските вежби и клиничката настава; – помагање во реализација научноистражувачките и применувачките проекти;

	– учество во применувачката и лабораториската работа – ракување со опремата во лабораторијата/клиниката, – компјутерска и друга обработка на податоците, – чистење, миење и стерилизација на стаклорија и друг медицински прибор, – чистење на работни површини и опрема согласно утврдена процедура, – припрема на мострите за анализа согласно воспоставените СОП-ови за методи во лабораторијата, – припрема на животни за дијагностички, терапевтски и хируршки процедури, – ракување со опремата во лабораторијата, – одржување на системот за квалитет во лабораториите. – вршење други работи утврдени со стандардот ИСО 17025 – вршење други работи и обврски во функција на поддршка на активностите од делокругот на факултетот
Одговара пред:	Раководителот на институтот

ПРИЛОГ 2

РАБОТНА КАРТА
- НЕНАСТАВЕН КАДАР -
ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА
СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА

Реден број	**01**
Шифра	ОБН 01 02 АО2 001
Ниво	А2
Звање	**Секретар**
Назив на работното место	**Секретар на Факултет**
Број на извршители	1
Посебни услови	Научно поле: Правни науки
Посебни усливи	Положен правосуден испит
Работни цели	раководење, обединување и координирање на работите од делокругот на Стручната и административна служба.
Работни задачи и обврски	- раководење со Стручната и административна служба; - организирање, координирање, насочување, надзор и контрола на работата на Стручната и административна служба; - распоредување на работите и работните задачи по организациони единици, давање упатства за работата и стручна помош и следење на извршувањето на доделените работи и работни задачи; - грижа за уредноста и ажурноста на работата по предметите и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на Стручната и административна служба; - следење на прописите и укажување за нивната примена на органите на Факултетот; - грижа за подготовка и обработување на материјалите за седниците на органите и телата на Факултетот, како и за подготвување на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи и тела; - следење и грижа за навремено извршување на одлуките и заклучоците на органите на управување, стручните органи и тела, како и нивните помошни тела; - по овластување на деканот го застапува Факултетот во правни

	работи, во согласност со законските прописи.
